**ЗАПИСНИК**
**од 13-та седница на Советот**
**одржана на 13.03.2013 година**

**Присутни членови на Советот:** д-р Зоран Трајчевски, д-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов, м-р Методија Јанчески, м-р Борис Арсов, Сељадин Џезаири, Бранко Радовановиќ, м-р Алма Машовиќ, м-р Васко Петревски, Замир Мехмети, Методи Стоименовски, Столе Наумов, Антонио Јовановски, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски.

**Отсутни членови на Совет:** /

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, Слободан Беличански, Цветанка Митревска, Арбен Саити, Магдалена Даводовска – Довелва, Јетон Исмаили, Луција Ѓурковиќ и Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни:** Јета Жута од ЦРМ, Теута Абдули од ТВ Ера, Владимир Медарски од ЦРМ, Николина Габрилоска од ОБСЕ ОДИХР, Јегор Талпуни од ОБСЕ ОДИХР, Сања Јовановиќ од ТВ Телма.

Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски ја отвори 13-та седница на Советот за радиодифузија на Република Македонија. Во однос на дневниот ред, предложи да се додадат две точки и тоа: „Измени и дополнувања на Упатство за формата и содржината на известувањата и барањата на радиодифузерите поврзани со промените во сопственичката структура и за видот и формата на податоците за економско-финансиското работење што радиодифузерите се должни да му ги доставуваат на Советот за радиодифузија бр.03- 1012/1 од 21.04.2008 година („Службен весник на Република Македонија ", 53/08)" - како точка број 7 и „Информација за констатирана недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво Канал 5 Плус ДОО Скопје" - како точка број 8. Предлозите со 14 гласа „за", беа едногласно усвоени. (членот на Советот, м-р Методија Јанчески не беше присутен за време на гласањето).

Бидејќи немаше други предлози за измена и дополнување на дневниот ред, Советот со 14 гласа „за" (членот на Советот, м-р Методија Јанчески не беше присутен за време на гласањето), едногласно го усвои следниот:

**Д н е в е н   р е д**

1. Усвојување на Записникот од 10-та седница на Советот, одржана на 21.02.2013 година.
2. Усвојување на Записникот од 11-та седница на Советот, одржана на 27.02.2013 година.
3. Извештај од мониторингот на медиумското покривање на изборната кампања.
4. Извештај од Пилот ревизијата во рамките на Твининг проектот "Поддршка на процесот на фискална децентрализација преку зајакнување не капацитетите за стабилно финансико управување и внатрешна финансиска контрола на локално и ентрално ниво "
5. Анализа на поведените управни спорови против одлуките на Советот за радиодифузија на Република Македонија (во периодот од ноември 2007 до февруари 2013).

6. Информација по претставката на Дибра ТВ ДООЕЛ Дебар со Предлог- Налог за исклучување на телевизиски програмски сервис на ТРД ТВ Жупа ДООЕЛ, с.Мал Папрадник, Центар Жупа, од програмскиот пакет на операторот на јавна комуникациска мрежа Г-ОН ДООЕЛ Дебар.

7. Измени и дополнувања на Упатство за формата и содржината на известувањата и барањата на радиодифузерите поврзани со промените во сопственичката структура и за видот и формата на податоците за економско-финансиското работење што радиодифузерите се должни да му ги доставуваат на Советот за радиодифузија бр.03- 1012/1 од 21.04.2008 година („Службен весник на Република Македонија “, 53/08).

8. Информација за констатирана недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво Канал 5 Плус ДОО Скопје.

9. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и со 14 гласа „за“, едногласно го усвои предложениот Записник од 10-та седница на Советот, одржана на 21.02.2013 година, во текстот како што беше предложен. (членот на Советот, м-р Методија Јанчески не беше присутен за време на гласањето).

**Точка 2**

Советот го разгледа и со 14 гласа „за“, едногласно го усвои предложениот Записник од 11-та седница на Советот, одржана на 27.02.2013 година во текстот како што беше предложен. (членот на Советот, м-р Методија Јанчески не беше присутен за време на гласањето).

**Точка 3**

Советот ги разгледа предложените Извештаи од мониторингот на медиумското покривање на изборната кампања.

Заменикот на претседателот на Советот, д-р Милаим Фетаи, рече дека Советот за радиодифузија на Република Македонија, подолго време ги следи, мониторира и анализира медиумите, во периодот од распишувањето на Локалните избори 2013 година и за време на изборната кампања. Од таа причина смета дека измина периодот кога Советот сметаше дека се уште радиодифузерите не се информирани за обврските од Изборниот законик и Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања. Во таа насока рече дека ги прифаќа сите предлог-заклучоци во извештаите подготвени од Стручната служба и смета дека секој прекршок заслужува и соодветна мерка. Им препорача на медиумите да бидат претпазливи во своето работење овој период.

Членот на Советот, м-р Васко Петревски рече дека сака да потсети за обуката што ја спроведе Советот за радиодифузија на Република Македонија, на која беа поканети сите радиодифузери во поглед на Изборниот законик и за двата правилници. Законските и подзаконските акти беа презентирани, елаборирани, беа поставувани прашања од страна на радиодифузерит и во таа насока смета дека Советот бил јасен, а во однос на медиумите за констатираните прекршувања рече дека треба да им се изречат мерки.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, рече дека сите активности кои Советот го преземал во однос на мониторингот за Локалните избори и медиумите и сите

активности кои ќе ги преземе во иднина, се во согласност со Законот и во неговата работа не постои селективност и исклучоци во било која насока.

Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече дека не може да се прифати „не знам“ или „не сум запознаен со тоа“ упатено од страна на радиодифузерите за одреден прекршок, посебно не од медиуми со искуство од над 3, 5 или 10 години. Советот не смее да толерира кршење на Законот.

Членот на Советот, Столе Наумов рече дека за него е многу важен момент известувањето на медиумите, односно балансот кој Советот го мери и за истото ќе има Извештај. Исто така рече дека му е жал што за прекршувањето во однос на платеното политичко рекламирање ќе се поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд и против главниот и одговорен уредник, иако тие немаат допирна точка со рекламирање. Во однос на Државната изборна комисија рече дека во иднина треба да биде малку поактивна и да води сметка и за нарачателите. Медиумите се само последица, а нарачателите се политичките партии, кандидатите, организаторите на изборна кампања, кои не може секогаш да бидат невини, а одговорноста да ја понесат медиумите.

Советот за радиодифузија на Република Македонија го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмата на Трговско радиодифузно друштво Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје, емитувана на 4, 5, 7, 8 и 9 март 2013 година.

Советот едногласно одлучи да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд против Трговското радиодифузно друштво Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје, поради прекршување член 75 став 3 од Изборниот законик и член 22 став 1 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања (трговските радиодифузни друштва можат да емитуваат 15 минути платено политичко рекламирање на еден реален час со тоа што, од нив најмногу две третини, односно 10 минути на еден реален час можат да одвојат за еден учесник во изборната кампања).

Со горенаведеното прекршување на член 22 став 1 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година ("Службен весник на Република Македонија", бр.60/11), не се почитуваат правилата од членот 75 став 3 од Изборниот законик (Пречистен текст) ("Службен весник на Република Македонија" бр.54/11) и Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.142/12, 31/13 и 34/13), со што сторен е прекршок од член 181 став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик.

Советот со 14 гласа „за“ и еден воздржан глас од членот на Советот Бранко Радовановиќ, одлучи да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд против главниот и одговорен уредник на Трговското радиодифузно друштво Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје, поради прекршување член 75 став 3 од Изборниот законик и член 22 став 1 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања (трговските радиодифузни друштва можат да емитуваат 15 минути платено политичко рекламирање на еден реален час со тоа што, од нив најмногу две третини, односно 10 минути на еден реален час можат да одвојат за еден учесник во изборната кампања).

Со горенаведеното прекршување на член 22 став 1 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година ("Службен весник на Република Македонија", бр.60/11), не се почитуваат правилата од членот 75 став 3 од Изборниот законик (Пречистен текст) ("Службен весник на Република Македонија" бр.54/11) и Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република

Македонија” бр.142/12, 31/13 и 34/13), со што сторен е прекршок од член 181 став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик.

Советот за радиодифузија на Република Македонија го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмата на ТРД АЛСАТ - М ДОО, Скопје, емитувана на 7 и 8 март 2013 година.

Советот едногласно одлучи да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд против ТРД АЛСАТ - М ДОО, поради прекршување на член 75 став 3 од Изборниот законик и член 27 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања (платено политичко рекламирање не смее да се емитува во: вести и други дневно-информативни програми, во детски, училишни и образовни програми, во директни преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани и во посебни информативни програми).

Со горенаведеното прекршување на член 27 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година (“Службен весник на Република Македонија”, бр.60/11), не се почитуваат правилата од членот 75 став 3 од Изборниот законик (Пречистен текст) (“Службен весник на Република Македонија” бр. 54/11) и Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија” бр.142/12, 31/13 и 34/13), со што сторен е прекршок од член 181 став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик.

Советот со 13 гласа „за“ и 2 воздржани гласа од членовите на Советот, Столе Наумов и Бранко Радовановиќ, одлучи да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд против главниот и одговорен уредник на ТРД АЛСАТ - М ДОО, поради прекршување на член 75 став 3 од Изборниот законик и член 27 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања (платено политичко рекламирање не смее да се емитува во посебни информативни програми).

Со горенаведеното прекршување на член 27 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година (“Службен весник на Република Македонија”, бр.60/11), не се почитуваат правилата од членот 75 став 3 од Изборниот законик (Пречистен текст) (“Службен весник на Република Македонија” бр. 54/11) и Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија” бр.142/12, 31/13 и 34/13), со што сторен е прекршок од член 181 став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик.

Советот го разгледа предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД АЛСАТ – М ДОО, Скопје, емитувана на 6, 7 и 9 март 2013 година.

Советот со 15 гласа „за“, едногласно донесе одлука на ТРД АЛСАТ – М ДОО, Скопје:

- поради прекршување член 75 став 3 од Изборниот законик и член 24 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања (платеното политичко рекламирање треба да биде соодветно и видливо означено како „платено политичко рекламирање” во текот на целото времетраење на емитувањето, и со најавна и со одјавна шпица треба да биде јасно издвоено од другиот дел на програмата и од другите рекламни спотови, од телешопинг спотовите и од другите облици на рекламирање), да му се упати укажување.

Советот го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД АЛСАТ – М ДОО, Скопје, емитувана на 6, 7 и 9 март 2013 година.

Советот со 15 гласа „за“, едногласно донесе одлука на ТРД АЛСАТ – М ДОО, Скопје:

- поради прекршување член 75 став 3 од Изборниот законик и член 26 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања (во сите облици платено политичко рекламирање нарачателот мора да биде јасно означен), да му се упати укажување.

Советот за радиодифузија на Република Македонија го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмата на ТВ БТР НАЦИОНАЛ Зоран ДООЕЛ Скопје, емитувана на 4, 6, 7, 8 и 9 март 2013 година.

Членот на Советот, Замир Мехмети, рече дека со оглед дека Советот одржал обуки и сите главни и одговорни уредници биле присутни на нив, не гледа причина зошто Советот да не постапи според Законот. Иако рече дека како новинар секогаш му е тешко да гласа за изрекување мерки на одреден радиодифузер. Но земајќи го во предвид периодот, изборната кампања и сериозните прекршувања, смета дека е подобро на време да се изречат мерки за да радиодифузерите во иднина не ги повторуваат и да работат согласност со Законот.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече заради принципиелност на Советот ќе гласа како и за другите медиуми по ист основ на прекршок. Но, рече дека потребно е да се направат одредени измени во Законот затоа што некој медиум остварува помал приход, а некој многу поголем, но висината на казните се исти и за двата медиуми.

Заменикот на претседателот, д-р Милаим Фетаи, рече дека исто така како проблем се јавува и бројноста односно зачестеноста на прекршувањата. Кога кај еден медиум има прекршувања од неколку дена, а кај друг на пример има еден ден, но и за двата медиуми ќе се поднесе барање за поведување на прекршочна постапка. Но целта на Советот е да им укаже на медиумите, а не да им наштети.

Советот едногласно одлучи да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд против ТВ БТР НАЦИОНАЛ Зоран ДООЕЛ Скопје, поради прекршување на член 75 став 3 од Изборниот законик и член 22 став 1 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања (трговските радиодифузни друштва можат да емитуваат 15 минути платено политичко рекламирање на еден реален час со тоа што, од нив најмногу две третини, односно 10 минути на еден реален час можат да одвојат за еден учесник во изборната кампања).

Со горенаведеното прекршување на член 22 став 1 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година („Службен весник на Република Македонија“, бр.60/11), не се почитуваат правилата од членот 75 став 3 од Изборниот законик (Пречистен текст) (“Службен весник на Република Македонија” бр.54/11) и Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија” бр.142/12, 31/13 и 34/13), со што сторен е прекршок од член 181 став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик.

Советот со 14 гласа „за“ и еден воздржан глас од членот на Советот, Столе Наумов, одлучи да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд против главниот и одговорен уредник на ТВ БТР НАЦИОНАЛ Зоран ДООЕЛ Скопје, поради прекршување на член 75 став 3 од Изборниот законик и член 22 став 1 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања (трговските радиодифузни друштва можат да емитуваат 15 минути платено политичко рекламирање на еден реален час со тоа што, од нив најмногу две третини, односно 10 минути на еден реален час можат да одвојат за еден учесник во изборната кампања).

Со горенаведеното прекршување на член 22 став 1 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година (,,Службен весник на Република Македонија", бр.60/11), не се почитуваат правилата од членот 75 став 3 од Изборниот законик (Пречистен текст) ("Службен весник на Република Македонија" бр.54/11) и Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.142/12, 31/13 и 34/13), со што сторен е прекршок од член 181 став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик.

Советот за радиодифузија на Република Македонија го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмата на Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитувана на 7 и 8 март 2013 година.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, рече иако се работи за помало прекршување сепак обврска на Советот е да се поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, додека надлежниот суд е тој што ќе одлучи како ќе постапи со медиумот.

Советот едногласно одлучи да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд против Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, поради прекршување на член 75 став 3 од Изборниот законик и член 22 став 1 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања (трговските радиодифузни друштва можат да емитуваат 15 минути платено политичко рекламирање на еден реален час со тоа што, од нив најмногу две третини, односно 10 минути на еден реален час можат да одвојат за еден учесник во изборната кампања).

Со горенаведеното прекршување на член 22 став 1 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања, бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година (,,Службен весник на Република Македонија", бр.60/11), не се почитуваат правилата од членот 75 став 3 од Изборниот законик (Пречистен текст) ("Службен весник на Република Македонија" бр.54/11) и Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.142/12, 31/13 и 34/13), со што сторен е прекршок од член 181 став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик.

Советот со 13 гласа „за" и два воздржани гласа од членовите на Советот, Столе Наумов и Бранко Радовановиќ, одлучи да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд против главниот и одговорен уредник на Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, поради прекршување на член 75 став 3 од Изборниот законик и член 22 став 1 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања (трговските радиодифузни друштва можат да емитуваат 15 минути платено политичко рекламирање на еден реален час со тоа што, од нив најмногу две третини, односно 10 минути на еден реален час можат да одвојат за еден учесник во изборната кампања).

Со горенаведеното прекршување на член 22 став 1 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања, бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година (,,Службен весник на Република Македонија", бр.60/11), не се почитуваат правилата од членот 75 став 3 од Изборниот законик (Пречистен текст) ("Службен весник на Република Македонија" бр.54/11) и Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.142/12, 31/13 и 34/13), со што сторен е прекршок од член 181 став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик.

Советот за радиодифузија на Република Македонија го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмата на ТРД РАДИО ВАТ ДОО, Скопје, емитувана на 10 март 2013 година.

Советот едногласно одлучи да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд против ТРД РАДИО ВАТ ДОО, Скопје, поради прекршување на член 75 став 3 од Изборниот законик и член 27 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања (платено политичко рекламирање не смее да се емитува во: вести и други дневно-информативни програми, во детски, училишни и образовни програми, во директни преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани и во посебни информативни програми).

Со горенаведеното прекршување на член 27 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања, бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година (,,Службен весник на Република Македонија", бр.60/11), не се почитуваат правилата од членот 75 став 3 од Изборниот законик (Пречистен текст) ("Службен весник на Република Македонија" бр.54/11) и Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.142/12, 31/13 и 34/13), со што сторен е прекршок од член 181 став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик.

Советот со 13 гласа „за" и два воздржани гласа од членовите на Советот, Столе Наумов и Бранко Радовановиќ,одлучи да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд против главниот и одговорен уредник на ТРД РАДИО ВАТ ДОО, Скопје, поради прекршување на член 75 став 3 од Изборниот законик и член 27 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања (платено политичко рекламирање не смее да се емитува во: вести и други дневно-информативни програми, во детски, училишни и образовни програми, во директни преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани и во посебни информативни програми).

Со горенаведеното прекршување на член 27 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања, бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година (,,Службен весник на Република Македонија", бр.60/11), не се почитуваат правилата од членот 75 став 3 од Изборниот законик (Пречистен текст) ("Службен весник на Република Македонија" бр.54/11) и Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.142/12, 31/13 и 34/13), со што сторен е прекршок од член 181 став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик.

Советот за радиодифузија на Република Македонија го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмата на Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, емитувана на 4 и на 5 март 2013 година.

Советот едногласно одлучи да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд против Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, поради прекршување на член 75 став 3 од Изборниот законик и член 27 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања (платено политичко рекламирање не смее да се емитува во: вести и други дневно-информативни програми, во детски, училишни и образовни програми, во директни преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани и во посебни информативни програми).

Со горенаведеното прекршување на член 27 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година ("Службен весник на Република Македонија", бр.60/11), не се почитуваат правилата од членот 75 став 3 од Изборниот законик (Пречистен текст) ("Службен весник на Република Македонија" бр. 54/11) и Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија"

бр.142/12, 31/13 и 34/13), со што сторен е прекршок од член 181 став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик.

Советот со 13 гласа „за“ и два воздржани гласа од членовите на Советот, Столе Наумов и Бранко Радовановиќ одлучи да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд против главниот и одговорен уредник на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, поради прекршување на член 75 став 3 од Изборниот законик и член 27 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања (платено политичко рекламирање не смее да се емитува во: вести и други дневно-информативни програми, во детски, училишни и образовни програми, во директни преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани и во посебни информативни програми).

Со горенаведеното прекршување на член 27 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година (“Службен весник на Република Македонија”, бр.60/11), не се почитуваат правилата од членот 75 став 3 од Изборниот законик (Пречистен текст) (“Службен весник на Република Македонија” бр. 54/11) и Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија” бр.142/12, 31/13 и 34/13), со што сторен е прекршок од член 181 став 1 алинеја 1 и став 2 од Изборниот законик.

Советот го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитувана на 4 март 2013 година.

Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски, рече за да Советот не биде селективен во својата работа спрема радиодифузерите, предложи како и кај ТВ Алсат за истите прекршувања на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје да му се упати укажување.

Советот донесе едногласна одлука на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје:
- поради прекршување на член 75 став 3 од Изборниот законик и член 24 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања (платеното политичко рекламирање треба да биде соодветно и видливо означено како „платено политичко рекламирање” во текот на целото времетраење на емитувањето, и со најавна и со одјавна шпица треба да биде јасно издвоено од другиот дел на програмата и од другите рекламни спотови, од телешопинг спотовите и од другите облици на рекламирање).

Советот го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитувана на 4 и на 5 март 2013 година.

Советот донесе едногласна одлука на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје:
- поради прекршување на член 75 став 3 од Изборниот законик и член 26 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања (во сите облици платено политичко рекламирање нарачателот мора да биде јасно означен), да му се упати укажување.

**Точка 4**

Советот го разгледа Извештајот од Пилот ревизијата во рамките на Твининг проектот “Поддршка на процесот на фискална децентрализација преку зајакнување не капацитетите за стабилно финансико управување и внатрешна финансиска контрола на локално и ентрално ниво “

Советот едногласно го усвои предложениот Извештај од обуката Пилот ревизијата во рамките на Твининг проектот „Подршка на процесот на фискална

децентрализација преку зајакнување на капацитетите за стабилно финансиско управување и внатрешна финансиска контрола на локално и централно ниво“, подготвен од Милаим Абдураими, Одделение за внатрешна ревизија.

**Точка 5**

Советот ја разгледа Анализата на поведените управни спорови против одлуките на Советот за радиодифузија на Република Македонија (во периодот од ноември 2007 до февруари 2013).

Раководителот на Секторот за правни работи кратко ја објасни содржината на предложената анализа. На крајот од излагањето рече дека тргнувајќи од фактичката состојба што може да се види и од Анализата, се упатува на заклучок дека Судот не поништил ниту еден од актите на Советот (од 17-те по повод кои е поведен управен спор), односно Судот не констатирал незаконитост на ниту еден од овие акти. Следствено на тоа, врз основа на добиените податоци може да се сумира дека при носење на актите од својата надлежност Советот за радиодифузија, правилно ја спроведува управната постапка, правилно и потполно ја утврдува фактичката состојба и на неа правилно го применува материјалниот закон - Законот радиодифузната дејност.

Советот едногласно ја усвои Анализата на поведените управни спорови против одлуките на Советот за радиодифузија на Република Македонија (во периодот од ноември 2007 година до февруари 2013 година).

**Точка 6**

Советот ја разгледа Информацијата по претставката на Дибра ТВ ДООЕЛ Дебар со Предлог- Налог за исклучување на телевизиски програмски сервис на ТРД ТВ Жупа ДООЕЛ, с.Мал Папрадник, Центар Жупа, од програмскиот пакет на операторот на јавна комуникациска мрежа Г-ОН ДООЕЛ Дебар.

Раководителот на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права објасни дека во претставка од локален радиодифузер ТРД ТВ Дибра ДООЕЛ – Дебар, од 13.02.2013 година (наш бр. 03-21 од 18.02.2013 година), се реагира на емитувањето на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ Жупа – ДООЕЛ с. Мал Папрадник – Центар Жупа на подрачјето на градот Дебар, се наведува дека емитувањето се врши од предавател поставен на зградата на ул. „Осми септември“ во Дебар и воедно преку кабелскиот оператор во Дебар, Г – ОН ДООЕЛ – Дебар, се врши реемитување до претплатниците на оваа мрежа во Дебар, како и дека ТВ Жупа има студио за директен пренос на емисии од Дебар за Дебар, што е спротивно на член 111 од Законот за радиодифузната дејност, каде стои дека пакетите на програмските сервиси кои се реемитуваат преку јавна комуникациска мрежа можат да ги содржат програмските сервиси на радиодифузери, само на подрачјето за коешто тие имаат добиено дозвола за вршење на радиодифузна дејност, врз основа на регулирани авторски права и сродни права.

Членот на Советот, Сељадин Џезаири, рече дека Советот не треба да донесе никаква одлука пред да се отиде на терен и да се утврди фактичката состојба и добие јасна слика за тоа што навистина се случува.

Со оглед на претходното, Советот одлучи да се формира комисија во состав: Сељадин Џезаири, член на Советот, Столе Наумов, член на Советот, Арбен Саити, Раководител на Секторот за технологии и истражување и Владимир Ѓорѓиески Виш Соработник од Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права, која ќе ја утврди точноста на наводите во претставката.

**Точка 7**

Советот ја разгледа информацијата за Измени и дополнувања на Упатството за формата и содржината на известувањата и барањата на радиодифузерите поврзани со промените во сопственичката структура и за видот и формата на податоците за економско-финансиското работење што радиодифузерите се должни да му ги доставуваат на Советот за радиодифузија бр.03- 1012/1 од 21.04.2008 година („Службен весник на Република Македонија “, 53/08).

Советот за радиодифузија едногласно го усвои Упатството за измени и дополнувања на Упатство за формата и содржината на известувањата и барањата на радиодифузерите поврзани со промените во сопственичката структура и за видот и формата на податоците за економско-финансиското работење што радиодифузерите се должни да му ги доставуваат на Советот за радиодифузија бр.03-1012/1 од 21.04.2008 година („Службен весник на Република Македонија “, 53/08).

Советот го задолжи Секторот за правни работи да подготви пречистен текст на Упатството за формата и содржината на известувањата и барањата на радиодифузерите поврзани со промените во сопственичката структура и за видот и формата на податоците за економско-финансиското работење што радиодифузерите се должни да му ги доставуваат на Советот за радиодифузија.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот, Упатството да го објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Советот го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавност во соработка со Секторот за истражување и долгорочен развој, Упатството да го објави на Веб страната на Советот.

**Точка 8**

Советот ја разгледа и едногласно ја усвои Информација за констатирана недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво Канал 5 Плус ДОО Скопје.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за истражување и долгорочен развој, да подготви допис со кој ќе му наложи на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, согласно член 15 став 2 од Законот за радиодифузната дејност, во рок не подолг од три месеца од денот на утврдувањето на постоење недозволена медиумска концентрација, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за радиодифузната дејност.

Како ден на утврдување на постоењето недозволена медиумска концентрација, се смета денот кога е одржана седницата на Советот на која е утврдено постоењето недозволена медиумска концентрација кај наведениот радиодифузер, односно 13.03.2013 година. Рокот од 3 месеца ќе започне да се смета, односно да тече од наредниот ден 14.03.2013 година.

Доколку радиодифузерот не постапи по упатениот налог, Советот, согласно член 15 став 3 од Законот за радиодифузната дејност, ќе спроведе постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност.

**Точка 9**
**Разно**

- Советот едногласно ја усвои Информацијата за реемитување на програмскиот сервис на ТВ Тера од Битола надвор од сервисната зона.

Советот, по упатениот „Налог за исклучување на телевизиски програмски сервис на локален радиодифузер, што се реемитува надвор од сервисната зона" бр.11-1077/1 од 06.03.2013 година до Македонски Телеком АД Скопје, на ден 08.03.2013 година, од страна на службено лице од Советот, направи контролен мониторинг на програмските сервиси кои ги реемитува преку својата платформа во Ресен и Прилеп и го констатира следното:

- Во Ресен направен е мониторинг и снимка кај корисник на платформата на Македонски Телеком и е констатирано дека се врши реемитување на програмскит сервис на Телевизија ТЕРА.
- Во Прилеп не е забележано реемитување на програмскиот сервис на Телевизија ТЕРА.

Македонски Телеком АД Скопје достави известување до Советот за радиодифузија на 11.03.2013 година (бр.11-1077/2), со кое го известува Советот дека по налогот бр.11-1077/1 од 06.03.2013 година е постапено на 11.03.2013 и дека поради технички причини Македонски Телеком неможел да постапи по овој налог во пократок рок.

Со оглед на наведеното, Советот за радиодифузија констатира дека Македонски Телеком АД Скопје, постапил по налогот бр.11-1077/1 од 06.03.2013.

- Советот едногласно ја усвои Информацијата за плаќање на надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност за терестеријално емитување, по доставени пресметки на 26-ти февруари 2013-та година.

Советот констатира дека по доставените пресметки, во предвидениот рок, со краен датум до 12-ти март 2013-та година, ТРД Акорд од Кочани, ТРД МИ НИ Радио од Струга и ТРД Аљбана Плус од Куманово, го платија надоместокот во целост, додека ТРД Про-Фм од Гостивар и ТРД Ускана-Плус од Кичево не ја исполнија својата обврска, односно не го уплатија пресметаниот надоместок за дозволата.

Советот за радиодифузија на Република Македонија, согласно член 64 од Законот за радиодифузната дејност и член 23 став 1 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Советот за радиодифузија на РМ ("Сл. весник на Република Македонија„ бр.64/2012), едногласно одлучи да иницира постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност, на ТРД Ускана-Плус од Кичево и ТРД Про-Фм од Гостивар, кои по доставените пресметки не извршија плаќање на надоместокот за дозволата во наведениот рок од 15 дена.

До наведените трговски радиодифузни друштва, кои по доставените пресметки не извршија плаќање на надоместокот за дозволите, Советот одлучи да упати последно предупредување да го платат долгот кон Советот во рок од 15 дена од иницирањето на постапката за одземање на дозволите, известувајќи ги дека во спротивно, согласно иницираната постапка за одземање на дозволите, Советот ќе донесе одлука за одземање на дозволите за вршење радиодифузна дејност.

Согласно член 23 став 3 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Советот за радиодифузија на РМ, во случај имателите на дозволите да извршат плаќање по иницирање на постапката за одземање на дозволите, а пред донесување на одлуката на Советот, постапката за одземање на дозволите се запира.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да ги подготви Заклучоците за иницирање постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност за ТРД Ускана-Плус од Кичево и ТРД Про-Фм од Гостивар.

Советот го задолжи назначеното лице од Советот за водење на предмети по управна постапка, Заклучоците за иницирање постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на двата горенаведени радиодифузери да ги запише во Уписникот за предметите од првостепената управна постапка – Уп 1.

- Советот одлучи да ги прифати сите предложени корекции во предложените обрасци на Годишната сметка за 2012-та година, доставени од Секторот за економско-финансиски работи, по препорака на независниот ревизор.

Советот го задолжи Секторот за економско-финансиски работи да ги изврши корекциите од точка 1 на овој заклучок.

Советот го задолжи Секторот за економско-финансиски работи, Годишната сметка на Советот за радиодифузија на Република Македонија за 2012 година да ја достави до Централниот регистар на Република Македонија, Министерството за финансии - Управата за јавни приходи и до Државниот завод за ревизија.

**Бр.02-1085/21**
**29.03.2013 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработил:Ружица Бошнакоска Јотевска*
*Одобрил: Огнен Неделковски*